ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:29-247/6**

**Дата: 11.09.2013**

**ДО**
**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО „ЛИСИЧЕ" ВЕЛЕС**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче" Велес за 2012 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на јавното претпријатие за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи за 2012 година и за усогласеност со закони и прописи е изразено мислење со резерва.

Со извршената ревизија на финансиките извештаи за 2012 година ревизијата констатира состојби кои се однесуваат на :
- во трговскиот регистар не е извршен упис на основната главнина на ЈВП Лисиче ;
- недонесена среднорочна и долгорочна програма за развој;
- не се мери реалната потрошувачка на вода за наводнување по водокорисници со оглед на тоа што на приклучните шахти преку кои корисниците се поврзани кон главниот цевковод за наводнување не се поставени водомери кои ќе ја мерат потрошувачката на вода;
- јавното претпријатие не е во можност да ги врши плаќањата спрема кредиторот предвидени со Законот за задолжување и договорот за кредит за реализација на Хидромелиоративниот систем Лисиче, поради тоа што работи со загуба и не остварува доволно приходи за подмирување на обврските кои ги има, поради што тоа се врши од средствата на Буџетот на Република Македонија;

*Ревизорски тим:* | *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ | ______________________

*3.* ____________________________

- недоследности во делот на постапките за ангажирање на лица за извршување на работи и работни задачи согласно Правилникот за систематизација на работите и задачите во ЈПВ Лисиче и
- недоследности во дел кај постапките за јавни набавки ( мобилна телефонија и адвокатски услуги).

Утврдени се системски слабости поради непостоење на законски пропишана, прифатена и донесена од Владата на Република Македонија единствена (унифицирана) методологија за пресметка на цената на чинење по м3 воден надоместок.
За погоренаведените состојби менаџментот на претпријатието и надлежните органи потребно е да преземат активности и мерки за нивно надминување.

Извршивме обелоденување за работењето на претпријатието и неговиот континуитет во делот на обезбедување на потребните средства за оперативните и инвестиционите активности и неговата сеуште доминантна зависност од Буџетот на Република Македонија.

Од страна на законскиот застапник на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ Велес, добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и е констатирано дека истите не претставуваат забелешки туку информирање за причините поради кои настанале овие состојби со исклучок на забелшката на точка 3.2.1. која претставуваат известување за преземени мерки за надминување на утврдените состојби кое соодветно е обелоденето во Конечниот извештај.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 16 до 19 заедно со ревизија на усогласеност на ЈПВ „Лисиче" Велес за 2012 година, кои се состојат од биланс на успех, биланс на состојба на ден 31 декември, извештај за промени во капиталот и извештај за паричните текови за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки/образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче" Велес за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- Ацо Петров, директор до 16.05.2012 година и в.д. директор од 17.05.2012 до 17.08.2012 година, и
- Бобан Пановски, директор од 17.09.2012 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и

информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата/ревизорски постапки

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување, и
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени

проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.
Ревизијата од точка 1.1. е планирана и извршена во периодот од 05.03.2013 до 17.05.2013 година од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на 14.05. 2013 година.
Директорот на Јавното претпријатиа за водостопанство „Лисиче" Велес на ден 23.07.2013 година достави забелешки по Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност за 2012 година. Забелешките се разгледани при што не се прифатија од причина што истите претставуваат известување за причините за утврдените состојби со исклучок на забелешката од точка 3.2.1. која преставува информирање за преземени мерки за надминување на утврдените состојби кое соодветно е обелоденето во Конечниот извештај.
Текстот на забелешките по Нацрт извештајот и одговорот на забелешките се дадени во прилог на Конечниот извештај .
Со ревизијата на финансиските извештаи за 2012 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Според состојбата од сметководството на 31.12.2012 година капиталот е евидентиран во вредност од 2.979.093 илјади денари. Вредноста на капиталот не е регистрирана во единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар на Република Македонија, во кој како сопственик/основач на ЈПВ „Лисиче„ Велес е запишана Владата на Република Македонија. Неевидентирањето на основачкиот влог/капиталот не е во согласност со членот 4б од Законот за јавните претпријатија според кој е уредено дека за упис во надлежниот регистар се применуваат одредбите од Законот за трговски друштва и членот 298 од Законот за трговските друштва во кој според ставот 1 точка 3 е пропишано дека во трговскиот регистар се запишува износот на основната главнина и бројот на издадени акции.
Ова има за ефект неможност од потврдување на реалноста и веродостојноста на основната главнина и достапноста на правно релевантни податоци за претпријатието.

**Препорака:**
Надлежните органи на ЈПВ „Лисиче„ Велес да преземат активности за евидентирањето на основачкиот влог/капиталот во Централниот регистар на Република Македонија.

3.1.2. За реализација на проектот Брана со придружни објекти како дел од Хидромелиоративниот систем „Лисиче", Република Македонија долгорочно се задолжила со кредит кај Владата на Кралството Шпанија по Закон за задолжување и договор за кредит за реализација на проектот во износ од 9.813.798 евра.
Согласно Законот за задолжување и договорот за кредит, 70% од кредитот во износ од 6.869.659 евра е со рок на отплата од 31 година со грејс период од 11 години и 0,3% каматна стапка на годишно ниво. Остатокот од кредитот во износ од 2.944.139 евра е со рок на отплата од седум години со грејс период од 2,5 години и варијабилна каматна стапка – ЕУРИБОР. На износот на кредитот се плаќа еднократна провизија за раководење со кредитот од 0,15% за делот од кредитот со рок на отплата од 31 година со грејс период од 11 години, односно 0,4% за делот од кредитот со рок на отплата од седум години со грејс период од 2,5 години.
Краен корисник на кредитот е Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче" и средствата од кредитот единствено се искористени за набавка на опрема и изведување на работи потребни за завршување на изградбата на ХС „Лисиче", опишани во одредбите на Договорот за општи услови. Објектот Брана со придружни објекти на ХС „Лисиче" се ставени во функција во 2009 година, откога градот Велес со околните населени места се снабдуваат со вода за пиење преку ЈКП „Дервен", додека дел од водата се користи за наводнување на плодна земјоделска површина од страна на мал број на корисници по склучени договори.
Согласно член 4 од Закон за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата на Кралството Шпанија по договорот за кредит за реализација на проектот Брана со придружни објекти како дел од ХС „Лисиче", кредитот ќе се отплаќа од приходите што ги остварува ЈПВ „Лисиче". Согласно член 5 од Законот, доколку пристигнатите ануитети во роковите утврдени со договорот од име на крајниот корисник ги плати Република Македонија, министерот по 30 дена од денот на извршувањето на обврската, но не подоцна од 60 дена, ќе издаде налог на деловната банка, каде што крајниот корисник има денарска сметка да пренесе од сметката на крајниот корисник на кредитот, во корист на сметката на приходите на Буџетот на Република Македонија, денарски средства во висина на извршеното плаќање, зголемена за пресметаната камата и за трошоците.
Меѓутоа, до денот на вршење на ревизијата јавното претпријатие не е во можност да ги врши плаќањата предвидени со законот поради тоа што остварува низок износ на приходи од своето работење, додека за плаќање на доспеаните ануитети, каматата, еднократната провизија за управување, провизијата на неповлечените

средства од кредитот и евентуалната казнена камата, како и за финансирање на редовното работење и развојот на јавното претпријатие секоја година средства се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија во рамки на програмата - Водостопанство, на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Во 2012 година дотираните средства од Буџетот на Република Македонија во вкупните приходи на јавното претпријатие учествуваат со 73, 21%, од кои 88% се однесуваат на плаќања за доспеани ануитети и каматни плаќања кои се извршени од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство спрема кредиторот.

**Препорака:**
Надлежните лица во јавното претпријатие да ги преиспитаат сите можности и да преземат мерки за остварување на повисок износ на приходи во рамки на надлежностите утврдени во Законот за водите.

3.1.3. Во текот на 2012 година по основ на поединечни месечни договори на дело исплатени се средства во вкупен износ од 117 илјади денари за вршење на работи како што се: одржување на хигиена во просториите на ЈПВ „Лисиче"; извршување на шумарски работи на брана Лисиче како и за останати работи за потребите на ЈПВ „Лисиче" (поправка и чистење на каналот за полнење на мини браните Лисиче 1 и Лисиче 2, за утовар, транспорт и истовар на отпадни материјали и слично).
Додека пак, по основ на волонтерски договори исплатени се средства во износ од 54 илјади денари. За работите за кои се ангажирани лицата не се изготвени извештаи/записници во кои ќе биде наведена извршената работа и потврдена од страна на одговорно лице од ЈПВ „Лисиче", односно исплатата на ангажираните лица е исклучиво врз основа на склучените поединечни договори без потврда за извршената работа.
Од извршениот увид во приложената документација, беше констатирано дека лицата ангажирани за одржување на хигиена во просториите на ЈПВ „Лисиче" и за извршување на шумарски работи (по склучени договори за дело за месеците јануари, март и мај), во текот на втората половина од годината се ангажирани со шестмесечни договори за волонтерство, на работните места хигиеничар и чувар, согласно одредбите од Законот за волонтерство. Јавното водостопанско претпријатие „Лисиче" кон крајот на 2012 година има доставено до Министерство за финансии - Сектор за финансирање и буџет барање за вработување на работници на неопределено време за работните места: машински инженер, хигиеничар и општ работник иако не ги исполнува условите од член 17 став 2 од Законот за извршување на буџетот на Република Македонија за 2012 година. Работните места за кои двете лица се ангажирани се предвидени со Систематизацијата на работните места, меѓутоа и покрај обидите за вработување

на овие лица во редовен работен однос се до завршување на ревизијата Министерството за финансии нема одговорено на барањето, а ЈПВ „Лисиче" и во 2013 година продолжува да ги ангажира овие лица по пат на различни форми на договори се со цел непречено функционирање на претпријатието.

3.1.4. Надлежните од ЈПВ „Лисиче" Велес немаат донесено долгорочен и среднорочен план за развој на претпријатието, што не е во согласност со Статутот на јавното претпријатие, односно поглавјето 6 членот 32. Според истите е предвидено за целите на постојаното извршување на својата дејност и за обезбедување на економска сигурност претпријатието да го планира сопствениот развој при што донесува програми за работа и планови за развој, долгорочни и среднорочни, кој ги усвојува Управниот одбор на јавното претпријатие. Плановите и програмите се усогласуваат со програмските документи на Владата на Република Македонија и на ресорните министерства, а особено на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Ефект од таквата состојба е отсуство на акти кои ќе бидат основ за донесување на годишната програма за работа и нејзино усогласување со долгорочните и среднорочните планови, односно ќе содржат податоци за планирани активности и периоди на целосно завршување на фазите предвидени со хидросистемот Лисиче, како што се изградба на доводен цевковод за наводнување на земјоделски површини на левиот брег на реката Вардар, дополнување (ревитализација) на езерото Младост со вода од акумулацијата Лисиче, изградба на пречистителни станици и енергетско искористување на водите на хидросистемот Лисиче со изградба на три мали хидроелектрани.

**Препорака:**
Надлежните органи, согласно Статутот на јавното претпријатие да донесат долгорочен и среднорочен план за развој на претпријатието.

**3.2. Финансиски извештаи**

3.2.1. Надлежните од ЈПВ „Лисиче„ Велес вршат одбивка на данокот на додадена вредност кој е пресметан во фактурите за набавка на гориво за возилата (леки коли). Тоа не е во согласност со одредбите од членот 35 од Законот за данокот на додадена вредност, според кој исклучено е правото на одбивка на претходниот данок за набавки, производство и увоз на велосипеди, моторни возила со помалку од четири тркала (категорија Л), возила за превоз на патници, кои, покрај седиштето на возачот, имаат најмногу до осум седишта и чија најголема маса не надминува 3500 кг (категорија М1), како и за набавка на резервни делови, гориво и потрошен материјал за нив, нивно изнајмување, одржување и поправка и за други услуги поврзани со нивно користење. Во 2012 година по основ набавка на

гориво за возилата неосновано е извршена одбивка на данок на додадена вредност во износ од 68 илјади денари. Ефект од таквото постапување е искажан помал износ на расходи и помалку обврски за данок на додадена вредност во износ од 68 илјади денари и индиректно, остварување на помалку приходи во Буџетот на Република Македонија за истиот износ.

Во периодот на забелешки по Нацрт извештајот од страна на надлежните служби преземени се мерки за надминување на оваа состојба и утврдениот износ е евидентиран како даночен долг поради што не се дава препорака.

3.2.2. ЈПВ „Лисиче„ Велес остварува приходи од испорака на вода за наводнување врз основа на склучени договори со водокорисниците и по тој основ во 2012 година има остварено приходи во износ од 1.313 илјади денари. Цената по која ЈПВ Лисиче им наплатува на водокорисниците за наводнување на земјоделски површини е утврдена во Ценовник за водата за наводнување на земјоделски површини со потребната количина по култури, донесена од Управниот одбор на ЈПВ „Лисиче" и согласност од основачот - Владата на Република Македонија. ЈПВ „Лисиче" нема можност да ја мери реалната потрошувачка на вода за наводнување по водокорисници со оглед на тоа што на приклучните шахти преку кои корисниците се поврзани кон главниот цевковод за наводнување не се поставени водомери кои ќе ја мерат потрошувачката на вода во м3, па според тоа надоместокот за наводнување е утврден паушално врз основа на цените од Ценовникот за водата за наводнување и површината на земјоделско земјиште што водокорисникот ја пријавил за наводнување. Поради ваквата состојба, надоместокот што го плаќа водокорисникот не ја одразува реалната потрошувачка на вода за наводнување која може да биде повисока/пониска во однос на наплатата. Ваквата состојба придонесува приходите што ЈПВ „Лисиче" ги остварува од снабдување со вода за наводнување да не ја одразуваат реалната состојба, односно доколку би постоела можност за контрола на потрошената количина на вода за наводнување приходите би биле повисоки/пониски отколку што се наплатени.

**Препорака:**
ЈПВ „Лисиче"во договорите склучени со корисниците за снабдување со вода за наводнување да утврди обврска за вградување на водомери за мерење на количината на потрошената вода во м3, на кој начин би можело да се следи реалната потрошувачка на вода за наводнување и да се наплатува сразмерно на потрошеното.

### 3.3. Користење на средствата согласно законските прописи

**Јавни набавки**

Со увид во постапките за барање за прибирање на понуди без објавување на оглас, ги утврдивме следните неправилности:

3.3.1. Јавното претпријатие за водостопанство „ Лисиче" за користење на услуги од мобилен оператор во месец март 2012 година има склучено договор за пристап и користење на комуникациски услуги со телекомуникациски оператор (на официјалниот договор со телекомуникацискиот оператор како продажно место стои фирма дистрибутер на услугите од Велес, која се јавува како потписник на договорот). Во договорот, времетраењето на услугата се определува на 24 месеци.
Девет дена по склучувањето на овој договор, јавното претпријатие дополнително донесува Одлука за спроведување на постапка за доделување на договор за јавна набавка за Услуги од мобилен оператор за вработените. Во добиените понуди од економските оператори, во рамките на техничката спецификација наведени се цените/тарифата за користење на услугите за разговор, меѓутоа во ниту една од понудите на фирмите не е наведен мобилниот оператор чии услуги ги застапуваат. Како најповолен понудувач од спроведената постапка со кого е склучен договор (со времетраење од една година) е фирмата дистрибутер на услугите на мобилниот оператор со кого претходно веќе има склучено договор. На овој начин во текот на 2012 година склучени се два полноважни договори за користење на услуги од ист мобилен оператор, меѓутоа првиот склучен договор е со времетраење од 24 месеци додека пак другиот договор склучен по спроведената постапка е со важност од една година.
ЈПВ „Лисиче" со спроведувањето на постапка за јавна набавка за користење на услуги од мобилен оператор за потребите на вработените со претходно веќе познат економски оператор кој ќе ги обезбедува и извршува услугите, ги крши и нарушува основните принципи на Законот за јавни набавки како што се: непочитување на принципот на конкурентност, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки.

**Препорака:**
Надлежните во јавното претпријатие:
- при спроведување на постапки за јавна набавка да ги почитува основните принципи на Законот за јавни набавки (конкурентност, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки) и
- да не спроведува постапка за јавна набавка по склучен договор со однапред

познат економски оператор и на тој начин да ги доведува во неповолна и дискриминира положба останатите економски оператори.

3.3.2. Во текот на 2012 година за користење на адвокатски и правни услуги од страна на адвокати ангажирани за потребите на ЈПВ „Лисиче" евидентирани се трошоци во вкупен износ од 234 илјади денари без да се спроведе соодветна постапка за јавна набавка, што не е во согласност со член 17, 27 и член 100 од Законот за јавни набавки.
Плаќањата за набавки за кои не е спроведена јавна набавка ги нарушува основните принципи на Законот за јавни набавки кој налага конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.

**Препорака:**
Да се почитуваат во целост одредбите од Законот за јавни набавки во функција на обезбедување конкуренција, еднаков третман и недискриминација, транспарентност и интегритет и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за јавни набавки.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 3.1.1. и 3.2. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ЈПВ „Лисиче" Велес на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 3.1. и 3.3., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ЈПВ „Лисиче" Велес, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Системски слабости

5.1. Со одредбите на член 218 став 4 од Законот за водите е уредено дека "Владата на Република Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на финансиите ја утврдува методологијата на пресметување на вкупниот надоместок и цената на услугата од членовите 210 и 211 на овој закон" (вкупниот надоместок за крајните корисници на водата и вкупниот надоместок за крајните корисници за одведување и пречистување на водата; цената на услугата за крајните корисници на водата и цената на услугата за крајните корисници за одведување и пречистување на водата).
Со извршената ревизија констатиравме дека до денот на известување од извршената ревизија сеуште не постои законски пропишана, прифатена и донесена од Владата на Република Македонија единствена (унифицирана) методологија за пресметка на цената на чинење по м3 воден надомест што не е во согласност со погоре наведените одредби од Законот за водите.
Ваквата состојба придонела ЈПВ „Лисиче" да пристапи кон изработка на Методологија за утврдување на цената на водата за пиење и наводнување, изготвена во декември 2009 година и Предлог Методологија за одредување на цена на воден надомест за водоснабдување, изготвена во ноември 2011 година (во рамките на кои се направени анализи и пресметка на цената на чинење за воден надомест по м3, која во целост ќе ги покрива трошоците на ЈПВ „Лисиче"). Врз основа на детално извршените пресметки во Предлог Методологијата од ноември 2011 година, дојдено е до полна (економска) цена на сирова вода по м3 во износ од 13,31 ден/м3, меѓутоа бидејќи оваа цена е доста висока и е неприфатлива за крајните корисници, се предлага најприфатливата цена која би можело да се наплати од комуналното претпријатие да изнесува 4 ден./м3 (меѓутоа и при цена од 4 ден/м3 ќе се остваруваат приходи кои нема да бидат доволни за исплаќање на обврските по кредитот од Владата на Кралството Шпанија).
Двете методологии, се утврдени и усвоени од страна на Управниот одбор на ЈПВ „Лисиче" Велес, меѓутоа немаат добиено согласност од страна на основачот – Владата на Република Македонија (согласно член 11 од Закон за јавни претпријатија). Во вакви услови цената за испорачаната сирова вода по м3, која ЈПВ „Лисиче" Велес ја испорачува редовно и континуирано на ЈКП „Дервен" се наплаќа по цена од 2, 80 ден/м3 и е регулирана со договор помеѓу двете страни а висината на цената е утврдена по препорака на Влада на Република Македонија (по одржана седница на Влада на Република Македонија на ден 04.10.2011 година). Ваквата состојба придонесува ЈПВ „Лисиче"Велес да испорачува сирова вода по м3 по цена која е значително пониска од пресметаната цена во изготвените методологии и на тој начин не ги одразува и покрива во целост трошоците за

извршените услуги-испорачаната вода.

5.2. Управниот одбор на ЈВП „Лисиче" брои девет члена, а Надзорниот одбор пет члена. Согласно Законот за јавни претпријатија бројот на членовите на Управниот одбор може да биде од најмалку 5 до најмногу 15 члена од редот на истакнати и афирмирани стручњаци од основната дејност со која се занимава субјектот. Од податоците за квалификационата структура на членовите на Управниот одбор може да се види дека има членови и со средна стручна спрема и од најразлични профили. Членовите на Надзорниот одбор согласно Законот и Статутот треба да се со високо образование и од областа на финансиите, ако се има во предвид дека само еден од членовите е од областа на економските науки постои ризик од целосно и квалитетно спроведување на надлежноста на Надзорниот одбор. Иако основачот во 2010 година препорачал бројот на членовите на Управнот одбор да се намали, Управниот одбор не ја прифатил препораката и не е направена промена на Статутот. Ако се има во предвид бројот на членовите на Управниот одбор и бројот на членовите на Надзорниот одбор, а од друга страна бројот на вработените кој изнесува 20 вработени како и ограничените можности за остварување на приходи со кои ќе се покријат тековните трошоци, како и лошата финансика состојба во која се наоѓа субјектот и обемот на активности, постои реална потреба од преиспитување на бројот на членовите на Управниот одбор.
Управниот одбор на една од наредните седници повторно да ја разгледа иницијативата добиена од основачот за намалување на бројот на членовите на Управниот одбор, а во функција на подобрување на финансиската состојба на субјектот.

**6. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет**

6.1. Обрнуваме внимание дека ЈПВ „Лисиче" Велес е тужена странка од 10 субјекти за долг во вкупен износ од 75.324 илјади денари, од кои од 5 субјекти правни лица за долг во износ од 74.319 илјади денари, 4 физички лица за долг од 1.005 илјади денари и еден субјект физичко лице без утврден износ.
ЈПВ „Лисиче" Велес се јавува како тужител на 3 субјекти за долг во вкупен износ од 2.065 илјади денари, од кој од еден субјект правно лице за побарување во износ од 1.982 илјади денари и од 2 физички лица за побарување од 83 илјади денари .
Во моментот конечниот исход по ова прашање не може да се утврди и не е направено резервирање за било каква обврска која може да произлезе во финансиските извештаи.

6.2. Хидро системот Лисиче е повеќенаменски објект кој е во функција да обезбеди вода за водоснабдување на градот Велес и приградските населби, вода за наводнување на површините на десната и левата страна на реката Вардар, производство на електрична енергија и ревитализација на езерото Младост со води од акумулацијата Лисиче. Хидро системот Лисиче, како проект во целина, го сочинуваат три основни компоненти:

- брана Лисиче со придружни објекти на река Тополка и река Врановска;
- довод за водоснабдување на Велес (доводен цевковод преку кој се обезбедува водоснабдување со вода на градот Велес, како прва фаза и доводен цевковод за наводнување на површините на левиот брег на реката Вардар и дополнување/ревитализација на езерото Младост со водите од акумулацијата Лисиче), и
- систем за наводнување на земјоделски површини низводно од преградното место, пречистителни станици и енергетско искористување на водите на Хидро системот Лисиче.

До денот на извршената ревизија, завршена е изградбата на брана Лисиче со придружни објекти на река Тополка и река Врановска и довод за водоснабдување на Велес - доводен цевковод преку кој се обезбедува водоснабдување со вода на градот Велес и дел од доводниот цевковод (2.080 метри) за наводнување на површините на левиот брег на реката Вардар и дополнување/ревитализација на езерото Младост со водите од акумулацијата Лисиче.

Во 2012 година ЈПВ „Лисиче„ Велес има остварено приходи од работењето во вкупен износ од 46.741 илјада денари, и тоа:

- од услугите кои ги оприходува за испорачана вода за водоснабдување на Велес, за наводнување на дел од земјоделските површини и за искористување на песок и чакал од коритото на река Вардар, приходи во износ од 12.495 илјади денари;
- од дотации од Буџетот на Република Македонија 34.218 илјади денари (за отплата на доспеани ануитети од кредитот од Шпанија и за покривање на тековни расходи), и
- остатокот од евидентираните приходи за 2012 година во износ од 28 илјади денари како останати приходи од работењето.

Вкуните трошоци на јавното претпријатие за 2012 година изнесуваат 150.241 илјади денари од кои најголем е износот на пресметаната амортизација од 130.192 илјади денари, при што искажана е загуба после одданочувањето во износ од 103.550 илјади денари, или заедно со пренесената загуба од 2011 година во износ од 96.571 илјада денари, искажана е загуба во вкупен износ од 200.121 илјада денари.

Во услови кога хидро системот Лисиче не е целосно изграден и поради тоа нема можности за остварување на други приходи, а при тоа имајќи предвид дека и цената по која фактурира продаден м3 вода е значително пониска од пресметаната цена во изготвените методологии и на тој начин не ги одразува и покрива во целост трошоците за извршените услуги-испорачаната вода, ЈВП „Лисиче" не е во состојба да ги покрие тековните трошоци од своето работење. За надминување на состојбите неопходно е да бидат преземени активности и мерки од страна на основачот и надлежните од јавното претпријатие за доизградба на хидро системот Лисиче, со тоа и создавање на услови за рентабилно работење на јавното претпријатие за водостопанство Лисиче.

Скопје, 05.09. 2013 година



*1.* ____________________________
*2.* ____________________________
*3.* ____________________________

______________________

**ЈПВ ЛИСИЧЕ - ВЕЛЕС**

**БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2012 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жениja | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3.1. | 12.495 | 10.749 |
| Останати приходи | 3.2. | 34.239 | 36.274 |
| **Вкупни приходи од работењето** | | **46.734** | **47.023** |
| Трошоци за суровини и други материјали | 3.3. | 1.832 | 2.085 |
| Трошоци за услуги | 3.4. | 1.342 | 1.506 |
| Плата, надоместоци на плата и останати трошоци за вработените | 3.5. | 8.586 | 8.757 |
| Трошоци за амортизација | 3.6. | 130.192 | 125.757 |
| Останати трошоци од работењето | 3.7. | 1.984 | 2.116 |
| Вредносно усогласување (обезвреднување)на нетековни и тековни средства | 3.8 | 6 | 590 |
| Останати расходи | 3.9. | 25 | - |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **143.967** | **140.811** |
| Финансиски приходи | 3.10. | 7 | 295 |
| Финансиски расходи | 3.11. | 6.274 | 3.015 |
| **Добивка/Загуба од редовно работење** | | **(103.500)** | **(96.508)** |
| **Добивка/Загуба пред оданочување** | | **(103.500)** | **(96.508)** |
| **Нето добивка/Загуба** | | **(103.500)** | **(96.508)** |

**ЈПВ ЛИСИЧЕ - ВЕЛЕС**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жениja | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 4.1. | 780 | 121 |
| Побарувања од купувачи | 4.2. | 4.858 | 4.162 |
| Побарувања од државни органи и институции | 4.3. | 17 | 336 |
| Побарувања од вработени | 4.4. | 86 | 100 |
| Залихи | 4.5. | 3.141 | 3.158 |
| **Вкупно тековни средства** | | **8.882** | **7.877** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.6. | 246 | 321 |
| Матерјални средства | 4.7. | 3.736.689 | 3.864.264 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **3.736.935** | **3.864.585** |
| **Вкупна актива** | | **3.745.817** | **3.872.462** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.8. | 21.380 | 21.353 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.9. | 69 | 14 |
| Останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања | 4.10. | 33 | 76 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **21.482** | **21.443** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни обврски | 4.11. | 448.490 | 471.624 |
| **Вкупно нетековни обврски** | | **448.490** | **471.624** |
| **Главнина и резерви** | | | |
| Основна главнина-запишан и уплатен капитал | 4.12. | 2.979.093 | 2.979.093 |
| Ревалоризациони резерви и разлики од вреднување на компоненти на останата сеопфатна добивка | 4.13. | 496.873 | 496.873 |
| Пренесена загуба | 4.14 | -96.571 | 0 |
| Загуба од тековна година | 4.15. | -103.550 | -96.571 |
| **Вкупно главнина и резерви** | | **3.275.845** | **3.379.395** |
| **Вкупна пасива** | | **3.745.817** | **3.872.462** |

ЈПВ ЛИСИЧЕ ВЕЛЕС

П Р Е Г Л Е Д
НА ПРОМЕНИ НА ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ

во 000 денари

| О П И С | ОСНОВНА ГЛАВНИНА - ЗАПИШАН И УПЛАТЕН КАПИТАЛ | РЕВАЛОРИЗАЦИСКА РЕЗЕРВА | АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА | ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА | ДОБИВКА ОД ТЕКОВНАТА ГОДИНА | ЗАГУБА ОД ТЕКОВНАТА ГОДИНА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2011 година** | 2.979.093 | 496.873 | | -96.571 | | | 3.275.845 |
| Уплати на акции | | | | | | | |
| Добивка за деловна година | | | | | | | |
| Распределба на добивката за претходна година во корист на капиталот и резервите | | | | | | | |
| Распределба на добивката за претходна година за дивиденди | | | | | | | |
| Ревалоризациона резерва за годината | | | | | | | |
| Загуба за деловна година | | | | | | -103.550 | |
| Покривање на загубата на терет на капиталот и резервите | | | | | | | |
| **Состојба 31.12.2011 година** | 2.979.093 | 496.873 | | -96.571 | | -103.550 | 3.275.845 |

**ЈПВ Лисиче Велес**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2012 ГОДИНА**

| | во 000 денари |
|---|---|
| | **2012/2011** |
| **А) ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ** | **26.336** |
| Нето добивка/загуба после оданочување | -103.550 |
| Амортизација | 130.192 |
| Зголемување/намалување на залихите | 17 |
| Зголемување/намалување на побарувањата од купувачите | -696 |
| Зголемување/намалување на останатите краткорочни побарувања | 334 |
| Зголемување/намалување на обврските спрема добавувачите | 27 |
| Зголемување/намалување на останатите краткорочни обврски | 12 |
| **Б) ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНИ АКТИВНОСТИ** | **-2.543** |
| Директни набавки на нематеријални и материјални средства | -2.543 |
| **В) ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ** | **-23.134** |
| Зголемување/намалување на капиталот | |
| Зголемување/намалување на долгорочните кредити | -23.134 |
| **ЗГОЛЕМУВАЊЕ/НАМАЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **659** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **121** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **780** |

Јавно претпријатие за водоснабдување Лисиче
Бр. 03-52/4
18.07.2013 год
Велес

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 23.07.2013
29-247/5

**ЈПВ Лисиче**
**Вардарска бб**
**1400 Велес**

**До**
**Државен завод за ревизија**
**Скопје**

***Предмет***: Доставување на забелешки по однос на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2012 год. на ЈПВ Лисиче Велес

***Почитувани,***

По однос на доставениот нацрт ревизорски извештај од ваша страна за извршената ревизија на финансиските извештаи на ЈПВ Лисиче Велес за 2012 год. должни сме накратко да ги изнесеме нашите забелешки.

Од завршниот разговор и состанок помеѓу преставниците на Државниот завод за ревизија и ЈПВ Лисиче , како и записникот од одржаниот состанок беше констатирано дека генерално во суштина финансиското работење на ЈПВ Лисиче за 2012 год. е добро и дека нема многу забелешки кој може да дадат негативен контекст на целата ревизија извршена во целост.

Меѓутоа ако се погледне нацрт ревизорскиот извештај ќе се добие впечаток дека работењето на претпријатието е со пропусти и многу забелешки, заради тоа што во половина од извештајот се набројани забелешките од страна на ревизорите, додека во другата половина од извештајот се презентирани податоците од годишната сметка и основните податоци за претпријатието.

Мора да се истакне дека ова е прва ревизија извршена од страна на ДЗР, додека претходно секоја година почнувајќи од 2001 год. ревизијата за финансиските извештаи ја вршеле независни ревизорски куќи.

По обемот на контролираните документи и материјали, како и по времетраењето на самата ревизија може да се согласиме дека оваа ревизија беше далеку поопфатна и потемелна за разлика од било која ревизија што е досега извршена, но мора да се напомене дека се бараше документација дури и за најмалите износи на плаќање од по 100,00 ден., но исто така треба да се истакне дека ревизијата покрај работењето на претпријатието во 2012 год. го опфати и целокупното работење од почетокот на основањето.

Кога ќе се земе во предвид што се беше опфатено со ревизијата и за кој временски период, односно од самиот почеток на работењето на претпријатието, каде беа презентирани од наша страна целата градежно-техничка, геодетска и проектна документација, дозволи, одобренија за градење и за употреба, експропријација, дозволи согласности, имотни листови, договори ,годишни сметки и бруто биланси од 2001 год. па до денес, акти, правилници и сл. и споредбено со забелешките кој се наведени , би се добило генерално позитивно мислење со одредени забелешки кој нормално ќе бидат одстранети доколку се во наша надлежност и каде би можеле ние да делуваме.

Јавно претпријатие за водоснабдување ЛИСИЧЕ Велес

Во делот на извештајот,

**3.1.1** во врска со капиталот на претпријатието мораме да ве известиме дека во два наврати се обративме до Владата на РМ како основач на јавното претпријатие да формира комисија составена од преставници на основачот, МЗШВ, Министерството за финансии, општина Велес, како и од други преставници кој имаат свое учество во изградбата на браната Лисиче, како би се утврдила книговодствената со фактичката состојба на имотот и капиталот на претпријатието, како и соодветното учество и потеклото на капиталот. Во други водостопански претпријатија извршена е проверка за структурата на капиталот и тој бил запишан во Централниот регистар на РМ , но кај нас сеуште нема најава за такво нешто.

**3.1.3.** се однесува за износите и исплатите по однос на договорите за дело , каде има забелешки од страна на ревизорите, сметаме дека треба да се истакне тоа дека што се однесува до оваа трошковна ставка споредбено со претходната година овие трошоци во 2012 год. за конто 449 – Останати нематеријални трошоци се намалени за 9% во однос на планираните и за 20% во однос на потрошените во претходната година, додека само услугите по договор за дело се пониски за 37% во однос на претходната година и се со тенденција за нивно значително намалување доколку за одредени испразнети места добиеме согласност за вработување од Министерството за финансии за што се имаме обратено до Министерството и чекаме одговор на барањето.

**3.2.1.** се однесува за износот на ДДВ при набавка на гориво, треба да истакнеме дека забелешките се отстранети уште при самата ревизија, така да со оглед на тоа дека сме тромесечен ДДВ обврзник износот од 67.635 ден. е прокнижен како даночен долг во налог 01/006 и истиот ќе биде доставен со ДДВ пријавата за периодот од 01.04.2013 до 30.06.2013 год. каде ќе се намали износот за повратот на ДДВ за соодветниот износ.

**3.2.2.** се однесува за приходите од вода за наводнување каде забелешката на ревизорите е дека не се мери реалната потрошувачка на вода за наводнување и дека е потребно да се поставаат водомери кај потрошувачите. Со оглед на тоа да ЈПВ Лисиче нема оформено систем за наводнување со соодветни приклучоци за водокорисниците, а исто така со оваа дејност сме пионери, со мал број корисници (околу триесетина) , каде е многу тешко да ги натерате индивидуалните земјоделски стопанственици да склучат договори за наводнување, бидејќи немаме инсталирано водостопанска инфраструктура и сигурен доток на потребната количина за наводнување заради тоа што постоечкиот доводен цевковод сеуште не е ставен под притисок.
Втората работа е тоа што досегашните водокорисници доброволно на свој трошок направија соодветни шахти и цевки за да се приклучат на цевководот што за нив преставува и почетна инвестиција за работењето, а само за информација за поставување на водомер потребни се помеѓу 30 – 50 илјади денари по корисник, а има мали корисници кој плаќаат за наводнување по 1.500,00 ден.

Во овој контекст треба да истекнеме дека се преземени конкретни чекори односно во сите договори кои се склучени за 2013 година е ставена обврската за поставување на водомери доколку претпријатието оцени дека е потребно посебно кај поголемите потрошувачи.

**3.3.1** кој се однесува за користењето на услуги од мобилен оператор ве известуваме дека ЈПВ Лисиче спроведе постапка согласно законските одредби и истата заврши во најдобар ред, а склучениот договор нотиран во извештајот е раскинат.

**3.3.2.** се однесува за адвокатските услуги за кој сметаме дека при утврдена единствена тарифа и ценовник на услугите од адвокатската комора , кој би бил критериумот за избор на најповолен понудувач (адвокат) , дали би учествувале на електронска аукција за цената на услугите или нешто друго, кога знаеме дека само квалитетот и искуството се најбитен елемент да се одлучиме да ангажираме вакво лице за потебите на претпријатието, односно за судските спорови за кој сметаме дека се во интерес да ги застапува лице со докажани квалитети и искуство кога се работи за голема сума на тужен износ, но и по оваа препорака претпријатието ќе постапи.

Сметаме дека поголемиот дел од забелешките дадени од наша страна ќе бидат прифатени и соодветно третирани при составувањето на конечниот ревизорски извештај.

***Со почит,***

Велес, 15.07.2013 год.

**Директор**
**Бобан Пановски**

Јавно претпријатие за водостопанство ЛИСИЧЕ • Велес •

**Прилог број 2**

# ОДГОВОР
## на забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор

На 23.07.2012 година добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче " Велес за 2012 година, од страна на законскиот застапник, директорот Бобан Пановски, заведени во Државниот завод за ревизија под број 29 – 247/5.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба во **точката 3.1.1.** од Нацрт извештајот која се однесува дека вредноста на капиталот не е регистрирана во единствениот трговски регистар, **не претставува** забелешка, туку **известување** дека одговорните лица на јавното претпријатие во два наврата се имаат обратено до основачот, но сеуште ова прашање не е разрешено, иако имаат сознанија дека за одредени јавни претпријатија преземени се активности и надмината е состојбата.

2. Забелешката на констатираната состојба во **точката 3.1.3.** од Нацрт извештајот која се однесува на ангажираните лица по договор на дело, **не претставува** забелешка, туку **известување** дека потрошените средства за оваа намена во 2012 година се за 37% пониски од трошоците по основ на договор на дело во 2011 година и доколку јавното претпријатие добие согласност за вработување од Министерството за финансии за одредени испразнети работни места нема да ја користи оваа форма на ангажирање на лица.

3. Забелешката на **точката 3.2.1.** од Нацрт извештајот, а која се однесува на извршеното одбивање на влезен данок на додадена вредност при набавка на гориво за возилата, **не претставува** забелешка, туку **известување** за постапување по дадената препорака. Јавното претпријатие со налог бр.01/006 износот од 68 илјади денари го има прокнижено како даночен долг и за истиот износ се намалува износот за поврат на ддв со даночната пријава за периодот од 01.04. до 30.06.2013 година. Во Конечниот извештај преземената мерка ќе биде соодветно обелоденета а препораката ќе биде избришана.

4. Забелешката на констатираната состојба во **точката 3.2.2.** која се однесува дека не се мери реалната потрошувачка на вода кое има влијание на приходите, **не претставува** забелешка, туку **известување** какви се причини

постојат поради кои досега не се преземени мерки за поставување на водомери за утврдување на реалната потрошувачка на вода иако и со склучените договори во 2013 година се предвидува обврска за поставување на водомери.

5. Забелешката на констатираната состојба во **точката 3.3.1.** која се однесува за слабостите во постапката за избор на економски оператор за мобилна телефонија, **не претставува** забелешка, туку **известување** дека договорниот орган спровел постапка за оваа услуга во 2013 година и го раскинал наведениот договор.

6. Забелешката на констатираната состојба во **точката 3.3.2.** која се однесува на набавка за адвокатски услуги, **не претставува** забелешки, туку **известување** дека економскиот оператор смета дека би имал тешкотии при спроведување на постапка за јавна набавка за ваква услуга, но во иднина ќе ја почитува препораката дадена во ревизорскиот извештај.

*Ревизорски тим* | *Овластен државен ревизор*
1.___________________ | ______________________
2.___________________
3.___________________